LGBTI UNITED

ЕУ со ТЕБЕ

Ко-финансирано од Европска Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на ЛГБТИ Јунајтед и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија





# ВИЕ СТЕ НАШИТЕ ДЕЦА

Почитувани пред вас се наоѓа колекција на неколку лични приказни на родители на ЛГБТИК лица од Северна Македонија.

Овие лични приказни ќе ви ги доловат емоциите на родителите од моментите кога дознаваат дека нивните деца се ЛГБТИК лица, процесот на прифаќање и нивната поддршка кон нивните деца. Кога ќе излезе некој близок од плакарот “Coming Out”, реакциите се различни, од сега кога знам, што можам да направам за да го издржувам моето дете?“ до „Како некогаш ќе се справам со ова?” За некои луѓе, тоа е комбинација од овие две реакции и повеќе. Нема сомнение дека луѓето имаат различни и потенцијално сложени одговори и чувства кон излегувањето на некој близок. Ова е апсолутно нормално.Најмногу и најдобро што може да направи еден родител за своето ЛГБТИК дете е да го ислуша, поддржува, советува и заедно полесно да поминат низ препреките и предизвиците со кои се соочува секое ЛГБТИК лице во нашето хомофобично, бифобично и трансфобично општество.

Овие лични приказни ги собра Беким Асани при средбите со родителите на ЛГБТИК лицата од Северна Македонија



# *Мајка на геј дечко*

Секогаш кога растеше мојот син, осеќав дека нешто е различно во него. Секогаш се прашував што го мачи а не сака да ми каже  иако бевме многу блиски и секогаш зборувавме отворено за се. Еден ден он се врати од искачање многу касно, тоа не беше  типично за него а јас како мајка го чекав, беше млад имаше 20 години во тоа време. Влезе дома не ме ни поздрави- тоа не беше  негово однесување, директно се упати во неговата соба и легна да спие. Јас таа вечер око не склопив мислејќи што го мачи, што  му се случува, дали се скарал со некој од другарите , сешто помина низ мојата глава до сабајле. Наредниот ден беше недела и он  се разбуди покасно а јас око не склопив. Кога се разбуди побара едно кафе, секогаш го сака кафето од мене вика дека неговото кафе ако го спреми може да убие некого многу е лошо спремено. Го спремив кафето и седнав до него, едно време ќутевме а после  он почна прв да зборува. Мамо, вчера бев многу нервозен извини што не те поздравив, не сакав нервозата да ја истурам на тебе  ти не си крива. Јас неколку минути не кажав ништо а после како на шала му реков "Будалче на мама око не склопив на што не помислив, помислив дека си оставила некоја девојка трудна па ќе станам баба". Он само кажа еден Уфффф бееe длабоко од неговото тело и заќуте. На телевизија имаше некоја серија, серијата ја  гледавме некогаш заедно, некогаш и на двајцата ни беше досадна. Коментиравме за облеката на глумците но и на големите  драми во

овие серии.

Мамо рече, сакам да ти кажам нешто што долго ме мачи, нешто за кое не сакам да те лажам веќе!

Тишина.

Ќути он, ќутам и јас. Во глава за една минута ми поминува цел свет, мајка може да помисли било што, секако најмногу лоши работи кои би му се случувале на своето чедо. Тишината ја прекинав јас. Кажи ајде кажи, знаеш дека од мене неможеш ништо да криеш. Нели викаш дека сум како ЦИА се знам и дознавам. Хахаха се насмевнав. Ама мамо не се шегувај ова е сериозно , кажа и почна да плаче. Јас веќе почнав да се тресам, но не се предавам пред него, си мислам ова е дефинитивно тешко, лошо, многу многу лошо. Мамо ова морам да ти го кажам, ми тежи многу, премногу. Добро кажи веќе не ме мачи, те молам.

Мамо јас не сум како сите други, јас сум различен не сакам исти работи како другите машки. Е добро де викам јас, што е проблемот. Мамо јас сум геј, јас сум хомосексуалец јас не сакам женски неможам веќе да се криам . Тишина, ќутиме и двајцата, мене веќе ми се врти и мачно ми е. Он плаче на цел глас, цела куќа ечи. Ми се ежи цело тело, не знам што да кажам. Го гушкам силно и така седиме десетина минута додека не престанува да плаче, јас ја галам

неговата виткана коса, тогаш имаше многу виткана бујна коса. Сине мој, душо моја, светлино моја, јас не ги знам ни не ги разбирам многу овие работи, но што и да сакаш ти , како и да викаш ти така ќе биде, нема никогаш да биде поинаку. Јас те сакам каков што си, јас секогаш гледав во тебе дека нешто е поинакво, не си како другите, дека си по различен, посебен. Се смири, тој ден зборувавме многу за многу работи. Дваесет години покасно, се сеќавам на тој ден, тој беше тежок но посебен ден за мене и за него. Сега ни он ни јас не сум сама, он има различни другари и другарки а јас имам други мајки кои имаат ЛГБТИК деца со кои одиме на кафе, се среќаваме и пишуваме. Дваесет години научив многу, но најмногу научив како повеќе да го сакам мојот син затоа што он е специјален за мене.



# Мојот сакан син, таа.

Иако отсекогаш знаев дека моето дете е различно од другите малечки момчиња, ја оттргнав мислата дека моето дете не се усогласува со родовите норми. Не уживаше да си игра со традиционалните играчки за момчиња, но беше страстен за уметност и сакаше да танцува. Тој не се чувствуваше удобно во типичната облека на момче, наместо тоа, тој се изразуваше преку повеќе шарени и уникатни облеки. Еден ден, имавме разговор од срце за тоа. Решивме да ја прифатиме неговата индивидуалност и да си дадеме време да го разбереме и прифатиме неговиот вистински идентитет. Се борев со идејата дека е моја вина што не го воспитав „правилно“, но на крајот сфатив дека тоа е мојот сопствен страв од општественото расудување што ме спречува целосно да го поддржам. Кога конечно излезе како трансродово лице, велејќи ми дека се идентификувал како девојче, поминав низ бура од емоции. Го преиспитав сопственото родителство, прашувајќи се дали има нешто што сум направил погрешно. Се чувствував разочарано затоа што замислив поинаква иднина за нас двајцата. Но, тогаш ме погоди - ги проектирав моите сопствени очекувања на моето дете, исто како што општеството ми направи мене како поединец со посебни потреби. Ја разбрав болката што ја доживеа мојата мајка и зошто ме турна да ги надминам бариерите и да успеам. Се плашев моето дете да не се соочи со дискриминација, да биде изолирано или да се чувствува несреќно затоа

што не можеше да најде прифаќање и љубов. Се грижев за нејзините соништа, врски и можноста да има семејство. Дури се плашев дека луѓето ќе ме сожалат или осудат што не знам како да воспитам „нормално“ дете. Но, среде сите тие грижи, сфатив дека имам предност - разбирање на дискриминацијата и сила да се борам за прифаќање. Почнав да се едуцирам и да се залагам за правата на ќерка ми. Се поврзав со групи за поддршка, барав совет од други родители кои поминале низ слични искуства и се залагав за идентитетот на моето дете. Со текот на времето, ја открив убавината и радоста во прифаќањето на нејзиното вистинско јас. Научив дека мојата љубов кон неа ги надмина сите општествени очекувања или однапред смислени поими. И додека патувањето не беше секогаш лесно, врската што ја формиравме стана посилна додека се поддржувавме и учевме еден од друг.

Заедно, ги урнавме бариерите на родовите норми и докажавме дека љубовта и прифаќањето се поважни од усогласувањето со општествените очекувања. Среќата на моето дете стана мој приоритет, а преку нашите искуства и двајцата научивме вредни лекции за автентичноста, сочувството и вистинското значење на безусловната љубов. За среќа, моите стравови се покажаа како неосновани. Уникатниот карактер на мојата ќерка процвета на најневеројатен начин. Нејзината приврзана, љубезна и грижлива природа ги плени сите со кои ќе се сретне. Не само што е интелигентна, туку поседува и извонредни организациски вештини. Не е изненадување што ЛГБТИК заедницата се потпира на неа и нејзините креативни идеи за да направи разлика. Нејзиното срце е чисто, секогаш подготвено да подаде рака за помош. Таа е мошне великодушна и храбра. Магнетниот шарм што таа го зрачи ги привлекува луѓето кон неа, уживајќи голем круг на пријатели и поддржувачи. Таа најде љубовен партнер кој го дели нејзиното патување. Неодамна тие го прославија денот кога прв пат се запознаа, зацврстувајќи ја својата посветеност и љубов. Додека размислувам за сѐ, сфаќам дека она што некогаш го сметавме за недостатоци станаа незначителни грижи. Предизвиците со

кои наиде на патот служеа само за зајакнување и усовршување на нејзиниот карактер. Всушност, овие испитувања ја трансформираа во уште поотпорна и извонредна личност. Сведочењето на нејзиниот раст длабоко ме промени и мене. Се трудам да ја заслужувам нејзината љубов и непоколеблива поддршка и не би можел да бидам по горда на личноста што таа стана. Нашите заеднички искуства ме научија на важноста на прифаќањето, сочувството и славењето на уникатното патување на секој

поединец. Таа ми го осветли патот и ме инспирираше да станам подобра верзија од себе, и за тоа сум вечно благодарен.





# Прифатете ги вашите ЛГБТИ деца, за да не мора да живеете без нив

Имам две ќерки кои ги родив со шест и пол години разлика. Мојата поголема ќерка уштев како мала беше многу мирно, повлечено девојче. Учеше многу на училиште и беше примерна. Не беше разгалена како другите деца, не бараше многу, а се обидовме со татко и да им пружиме и на двете онолку колку можевме. Помалата беше по палава, повеќе зборуваше и не се срамеше да каже што чувствува или што сака. Поголемата заврши средно училиште а потоа и факултет. Јас како мајка знаев да ја потпрашам од околу дали некој и се допаѓа, дали има дечко. Таа никогаш не сакаше да ми одговори, ги одбегнуваше моите прашања. Морам да признаам дека бевме многу конзервативно семејство. По завршување на факултетот поголемата ќерка се смени, почна да се однесува чудно, стана бунтовна. Знаев дека нешто не е во ред. Сакав многу да си најде дечко, да се омажи, да си создаде семејство. И кога и да ја прашав на оваа тема, не сакаше да зборува. Дојде еден ден од работа, влезе во соба, се заклучи и не излезе до касно вечерта. Си реков заспала сигурно, уморна е и не сакав да ја вознемирувам. И тропнав на врата за да ја викнам да вечера. Ми рече нема да јаде. Гласот и беше чуден. Ја оставив, нека одмори реков. Излезе од соба касно, сигурно беше 23 часот. Не можев да спијам, па гледав телевизија, а татко и одамна беше легнат да спие. Очите и беа потечени од плачење. Веднаш ја прашав што и е. А таа почна да плаче. Ми рече „Се разделивме.“.

Не ја разбирав за што ми зборува. Седнавме една спроти друга. Ми рече „Мамо јас не сум како другите. Јас не можам да сакам машки, јас сакам женски. Бев во врска една година со девојка. Се разделивме, и тешко ми е.“ Бев во шок, мојот мозок не можеше да ја процесира оваа информација. Од една страна чувствував сочувство поради солзите на ќерка ми, и го чувствував болката, од друга страна чувствував гадење од сопственото дете.

Молчевме и двете сигурно некои 5 минути. Таа цело време плачеше. А јас бев стаписана и не можев да размислувам, ниту да се движам. Целата ситуација ја преживеав многу бурно. Не може ќерка ми да е лезбејка си реков. Како ќе му го кажеме ова на маж ми, и уште 300 други прашања ми се вртеа низ глава. Не изустив ни збор од сето тоа што го мислев. По 5 минути молчење ја прегрнав, и реков да се смири и дека ќе разговараме утре за се.

Таа вечер око не склопив, си мислев како моето убаво девојче, како мојата мирна и повлечена ќерка да биде лезбејка.

Како ќе му го објаснам тоа на татко и, што ќе речат роднините, ова ќе биде многу срамно. Размислував би било најдобро да ја пратам во странство, да го продолжи животот подалеку од ова општество каде што живееме. Но од друга страна си мислев како ќе се разделам од неа, како ќе живее таа сама во друга држава. Господе како да го сварам ова, а да не му наштетам на моето сопствено дете, и да не и наштетат другите на неа. Решив ќе преминам преку се само таа да е добро, да не страда. Можеби со текот на времето ќе се промени си реков, можеби ова и е минливо. Почнав да се обвинувам и себеси, зошто не бев поблиска со ќерка ми, можеби ќе можев ова да го спречам. Наредниот ден кога станав, видов дека ќерка ми не заминала на работа. Татко и и помалата ќерка одамна беа излезени. Ја прашав зошто не заминала на работа. Ми рече не можев, треба да разговараме ми рече. Спремив кафе и седнавме на маса една до друга. Почнаа таа „Мамо ти се извинувам што не сум ќерка кава што посакуваш. Те молам да ме сфатиш дека и за мене ова не е лесно. Не е

лесно да се биде поинаков, не е лесно да знаеш дека ќе бидеш отфрлена од општеството ако дознаат. Се работи за  чувства, а не можеш да му наредиш на срцето и на умот кого да сака а кого да мрази. Те сакам тебе најмногу на свет  мамо. Нема ништо на светов да ја замени љубовта која ја имам кон тебе. Само сакам да ме разбереш и да ме сфатиш.“  Повторно молк од моја страна. Ја прегрна, бидејќи така почувствував дека треба да се однесувам како мајка, си реков  ќерка ми е пред се, па што ако е лезбејка, ако јас не ја прифатам кој ќе ја прифати. Плачеше таа, плачев и јас. Од тогаш имавме уште многу разговори, уште многу работи ми требаше време да ги разберам и да ги прифатам. Татко и никогаш не дозна за нејзината сексуална ориентација, почина без да знае, можеби подобро е така. Помалата ќерка цело време знаела и немаше никаков проблем со тоа дека сестра и е лезбејка. Таа исто доста ми помогна да разберам и да сфатам многу работи. Ќерка ми сега има 35 години. Живее и работи во странство. Има девојка да, ме посетуваат секои три месеци. Имаат и ќеркичка. Тешко ми е што сме разделени. Но таму каде што е, слободна е и среќна. Го пишувам ова писмо со цел да сфатите сите вие што ќе го прочитате дека треба да ги прифатите вашите деца онакви какви што се, без разлика која е нивната сексуална ориентација. Тие се наши деца, наши чеда. Се надевам дека ова општество еден ден ќе ги прифати онакви какви што се за да не мораме да бидеме  разделени стотици километри, за да може и мојата ќерка да се врати и да биде прифатена тука, да не морам да чекам  три месеци за да си ја видам внуката.



# Сексуалноста и Верата

Преку моќта на отворените и искрени разговори, нашите животи добија неочекуван пресврт. Мислевме дека ги имаме сите точни одговори, но животот има начин да ги промени прашањата со кои се соочуваме, како што често не потсетува нашата драга пријателка Мирјана. Токму нашиот син Виктор, кој излезе како геј пред петнаесет години, го постави прашањето што го разби нашето мирно постоење како родители на три деца и баби и дедовци на пет внуци.

Тој праша: „Што правиш за мене и другите како мене? Што е со оние кои се отфрлени од нивните родители или нивната црква?" Прашањето на Виктор ни падна длабоко во срцето. Тој беше апсолутно во право. Сфативме дека само прифаќањето на реалноста на нашиот син пред многу години не беше доволно. Моравме да ја прошириме нашата поддршка и разбирање на другите родители и нивните ЛГБТИК+ деца во денешниот свет. Го прифативме повикот да бидеме тука за нив, да слушаме и да понудиме утеха и водство. Започна едноставно со тоа што беше видливо, со појавување на јавни места. Нашата подготвеност да бидеме видени како родители кои стоеја покрај нивните ЛГБТИК+ деца го привлече вниманието на другите парови кои имаа слични искуства. Како што се направивме достапни, тие ни пристапија со свои приказни. Беа договорени лични состаноци, беа упатени покани за вечера и се вклучивме во разговори

со отворено срце што ја открија длабочината на нашите заеднички борби и радости. Зборот од уста стана моќна алатка, пренесувајќи ја пораката дека има родители кои се спремни да слушаат, да разберат и да застанат покрај нив. На овој начин, откривме дека не сме сами на нашето патување. Други родители, синови и ќерки се придружија на нашиот пат, барајќи утеха и удобност да знаат дека имаат сојузници. Заедно, формиравме заедница на поддршка, емпатија и љубов.

Преку овие врски, научивме дека вистинското прифаќање бара повеќе од само прегрнување на нашите сопствени деца.

Потребно е да се подаде рака за помош на другите кои се борат со отфрлање и осудување. Овие заклучоци ги донесоа разговорите што ги водевме, односите што ги изградивме и емпатијата што ја споделивме за длабока трансформација во нас самите. Нашите перспективи се проширија, нашите срца се проширија и станавме поборници за промени и разбирање во рамките на нашата Црква и општеството во целина. Со тоа што едноставно бевме присутни и приемчиви, ја откривме моќта на човечката поврзаност и влијанието на нашите колективни гласови. Храброто прашање на нашиот син запали пламен во нас, разгорувајќи патување кое неизмерно ги збогати нашите животи. Засекогаш сме благодарни за можноста да бидеме дел од мрежата за поддршка и продолжуваме да го цениме секој искрен разговор што ја потврдува нашата заедничка хуманост и моќта на љубовта. Навистина, осаменоста и чувствата на неуспех често ги заробуваат родителите во метафоричен „плакар“ од кој е неверојатно предизвик да се избега. Признавајќи го ова, организацијата која ни помогна беше во Скопје се состоеше од мајки и некој од нивните геј синови. Нашите месечни состаноци станаа безбеден простор за споделување на нашите животи, грижи и надежи. Ги прославивме радостите и откритијата, негувајќи ги искуствата на секој човек како скапоцен подарок. За прв пат ја вкусивме радоста да не слушнат, да нè пречекаат и што е најважно, да сфатиме дека повеќе не сме сами на нашите

патувања. Додека размислувавме и се молевме за Божјата Реч, се појави една убава вистина: Небесниот Отец ги сака нашите синови и ќерки какви што се. Во Неговиот божествен план, тој дизајнирал пат на љубов за секој од нив. Тие се повикани да ја откријат длабоката среќа да се биде сакан, дозволувајќи им да го прифатат своето автентично јас и да ја прошират таа љубов кон другите. Иако оваа љубов може да се манифестира на различни начини и да ги оспори конвенционалните норми, таа не е помалку интензивна, искрена, ослободувачка или достојна да се доживее. Ова сознание донесе уверување во нашите загрижени родителски умови, загрижени за среќата на нашите деца. Исто така, ги ублажи стравувањата дека може да ја изгубат верата поради чувството на отфрленост или маргинализирање од христијанската заедница. Со оваа новооткриена сигурност, се зацврстивме во нашите убедувања и се охрабривме да ја споделиме оваа порака на љубов и прифаќање со другите. Одбивме да дозволиме среќата и духовната благосостојба на нашите деца да бидат загрозени. Заедно, станавме поборници за поинклузивна и сочувствителна христијанска заедница, онаа која ги прифаќа различните изрази на љубов и поттикнува атмосфера на прифаќање и разбирање. Во ова патување, откривме дека нашата вера не се намалува со прифаќањето на вистината на нашите деца, туку беше продлабочена и збогатена. Нашите искуства во групата Организацијата нè научи на моќта на заедницата, емпатијата и трансформативната природа на љубовта.

Продолжуваме да растеме, да учиме и да се поддржуваме еден со друг додека се движиме низ сложеноста на верата, семејството и општествените очекувања. Преку нашите колективни напори, се надеваме дека ќе создадеме свет во кој ниту еден родител не се чувствува заробен во плакарот на изолација и очај. Ние се стремиме кон иднина каде што сите деца, без разлика на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, ќе можат да цветаат, да се славаат и да се прифатат во прегратките на нивната верска заедница. Уште

од самиот почеток, имавме цврсто убедување да ги држиме нашите деца и Црквата заедно, одбивајќи да се откажеме од било кое. Тоа беше деликатен чин на балансирање, на моменти се чувствувавме како да сме на крст, влечени од едната на другата страна. Но, во оваа борба, најдовме утеха во сознанието дека не сме сами. Откривме дека има и други кои ја споделија нашата посветеност и чекореа по сличен пат. За време на нашето постоење, наидовме на групи ЛГБТ верници - момчиња и девојчиња - во различни градови низ Македонија и светот. Нивната истрајност во верата, нивното непоколебливо верување и интензитетот на нивната молитва не воодушевија. Во нивните животи бевме сведоци на опипливото присуство на Бога. Нивниот пример не инспирираше да продолжиме да напредуваме, дури и покрај предизвиците и сомнежите. Понатаму, организацијата нè наведе да формираме мрежа за поддршка за родителите кои се соочуваат со тешкотии. Преку оваа мрежа процветаа пријателства, поврзувајќи нè од едно до друго ќоше на Македонија. Врската што се формираше меѓу нас беше опиплива, обезбедувајќи спас за разбирање и охрабрување. Ова искуство нè трансформира на длабоки начини. Се впуштивме во обновена и експанзивна форма на родителство. Прегрнувањето на нашиот син во неговата реалност беше слично како да го родиме по втор пат. Поддршката и добредојде на другите родители и нивните деца стана продолжение на нашата родителска улога - начин да станеме родители по трет пат. Во овој процес, нашата вера се продлабочи и еволуираше. Го сретнавме Господ на поавтентичен и подлабок начин. Неговото Слово стана водечка сила во нашите животи и ние постојано ја бараме Неговата волја, сакајќи да ја знаеме и да ја следиме. Низ овие искушенија и триумфи, научивме да се предадеме на патувањето, дозволувајќи му да нè обликува, научи и открива нови димензии на љубовта и верата. Средбата со другите родители, сведочењето на непоколебливата вера во животите на ЛГБТИК+ верниците момчиња и девојчиња. Нивната истрајност во верата,

нивното непоколебливо верување и интензитетот на нивната молитва не воодушевија. Во нивните животи бевме сведоци на опипливото присуство на Бога. Низ овие искушенија и триумфи, научивме да се предадеме на патувањето, дозволувајќи му да нѐ обликува, научи и открива нови димензии на љубовта и верата. Средбата со другите родители, сведочењето на непоколебливата вера во животите на ЛГБТИК+ верниците и непоколебливата поддршка од нашата мрежа, сето тоа придонесе за нашиот раст.

Продолжуваме да се развиваме, да учиме и да се потпираме еден на друг, црпејќи сила од нашите заеднички искуства и непоколебливото присуство на Бога. Во ова тековно патување, ги држиме нашите деца и нашата вера со испреплетени раце, верувајќи дека љубовта ќе не води и дека нашите колективни напори ќе придонесат за поинклузивна, поприфатлива и сочувствителна Црква. Ова длабоко искуство не само што ги трансформираше нашите перспективи, туку и ги отвори нашите срца за убавината на различноста. Низ нашето патување, ги цениме уникатните и разновидни изрази на човештвото, сфаќајќи дека секој поединец заслужува љубов, прифаќање и поддршка. Сведочењето на борбите со кои се соочуваат оние кои биле отпуштени, исмејувани или негирани поради нивните разлики, во нас поттикна длабоко чувство на сочувство. Станавме поборници за нивните права, нивното достоинство и нивно вклучување во општеството. Нашите срца преплавуваат со благодарност додека ги препознаваме благословите што ни се дадени како родители. Благодарни сме за можноста да одиме покрај нашите деца и другите, поддржувајќи ги, славејќи ја нивната уникатност и потврдувајќи ја нивната вредност. Во наша благодарност, му принесуваме благодарност на Господа, препознавајќи ја Неговата рака да не води низ ова преобразувачко патување. Ние веруваме дека нашите искуства не се случајност, туку благослов одозгора, кој ни е доверен за да можеме да растеме во љубов, разбирање и сочувство. Преку овој пат ги откривме вистинските благослови на родителството и неизмерната радост од

прифаќањето на разновидните таписерии на човештвото. Ние продолжуваме цврсто да се држиме до нашето верување дека секој човек, без оглед на неговото потекло или ориентација, е скапоцено Божјо дете. Ние се стремиме да создадеме свет каде што се слави различноста, каде прифаќањето е норма и каде што сите поединци можат да живеат достоинствено и автентичност. Како благословени родители, ние сме посветени да застанеме покрај нашите деца, да ги поддржуваме безусловно и да негуваме општество кое ја прифаќа убавината на различностите. Нашите срца се преплавуваат со благодарност, знаејќи дека ни е доверена можноста да направиме позитивно влијание и да создадеме поинклузивен и пољубен свет за идните генерации.





# Мојата ќерка е мојот живот.

Марија се роди пред време, беше нашето трето чедо, после нејзе жена ми роди уште еден син. Марија како мала секаде идеше со мене, дури и на риболов, дури и кога ја поправав колата во гаража или кога ќе сменев штекер дома. Марија сакаше да знае се.

Кога заврши основно, реши да оди да учи во Скопје средно за спорт, многу сакаше фудбал како мала, сите дечки од маалото ги тепаше во фудбал, знаеше и голман да биде и најдобро да брани. Не ми беше лесно да ја пуштам во Скопје, сама имаше 15 години но не сакав да и го уништам сонот па со скршено срце ја пуштив. Престојуваше во интернат првите две години , дома идеше секој втор викенд а за празници седеше и подолго, летото секако беше во Охрид со другарите и другарките од маало шетаа низ плажи. Кога дојде време да оди трета година тогааш имаше 17 години, ми кажа дека сака да оди во стан под кирија со цимерки дека не сакаа да биде во интернат. Ми објасни дека и треба повеќе слобода а во интернат нема слобода а и ќе земе стан со цимерки кои исто играат фудбал со кои беа во истиот клуб. Размисливме со мајка и рековме може, иако финансиски беше тешко но таа беше мојата гордост неможев да и забранам. Таа година почна да иде дома месечно а летото реши да остане во Скопје, имале тренинзи со клубот, обврски и дома дојде само два пати по една недела. Осеќавме со мајка и дека расте,

но исто осеќавме и како да ја  губиме, како да станува се по далечна. Дојде и четвртата година а она веќе беше и полнолетна, зборувавме за факултет, зборувавме за иднината а со фудбалот и одеше многу добро, но кога и да ја прашував за симпатија или дечко или менуваше тема или ќе миречеше тато те молам смени тема. Еден викенд решив да одам во Скопје и да ја посетам и да се видам со некои бивши колеги од работа, кога и се јавив по телефон не беше среќна, најде многу изговори да не одам кај нејзе но на крај попушти.

Тој викенд скоро и не ја видов на утакмица, искачаше со другарки а јас во понеделник попладне заминував. Понеделникот станав порано додека она спиеше, за да одам во тоалет, си сварив кафе и чекав да стане да поминеме малце време заедно. Стана  околу десет часот, од собата излезе со нејзе една друга девојка, која бев сигурен дека не е цимерка затоа што нејзините цимерки  беа од истиот град- ги познавав. Си реков сигурно е некоја другарка се вратиле касно па преспала кај нејзе, си реков добро што не  е некој дечко ќе требаше да го истепам. Дојде седна покрај мене а со нејзе дојде и девојката која беше две години или три години постара од ќерка ми, се поздрави и таа со мене и седнаа една до друга. Пиевме кафе и зборувавме за фудбалот, и во шала и реков  Марија, добро што си имала другарка на спиење да беше некој другар ќе требаше да го истепам. Се насмеаа и двете многу гласно,  и Марија рече, Тато е немора такви работи само со машки да се прават може и со женски, пак се насмеавме сите. Јас заминав, но нешто не копкаше, нешто ме мачеше незнам што. Одвај чекав да пројдат неколку недели да дојде Марија дома, почнав да ја прашувам за таа девојка, многу работи, можеби и не требаше. Во еден момент Марија рече на цел глас, Тато ние сме заедно онаа  ми е девојка ние се сакаме ние сме во врска, зарем не сфати. Те молам престани. Не бевме сами тука беа сестрите и нејзиниот брат, тоа беше доручек во недела. Некои почна да се смеат некои да се дерат, настана некој хаос. Мајка и почна да плаче а Марија  замина во нејзината соба. Тој ден пројде низ кавги, секој

се караше со секого, секој се дереше и викаше. Наредниот ден седнав насамо со Марија, ја гушнав и и кажав дека јас имам добра другарка бисексуалка, која ја знам од мала, која немала тајни од мене и дека таа особа ја знае и она. Марија се зачуди, ме гледаше чудно, сигурно очекување лошо да реагирам или да ја истепам. Тој ден и кажав колку ја сакам, дека нејзината среќа е и моја среќа и дека секогаш ќе ја има мојата поддршка. Заедно со Марија и женска и бевме и на парада во Скопје, од мене ја



има целосната поддршка. Мајка и е многу лута, уште неможе да сфати, мислам дека и треба време, ќе сфати и онаа дека нашата Марија е иста како сите други и дека е среќна со особата со која е.



# Прифатлив Татко

Очигледно е дека излегувањето на мојот син како геј имаше големо влијание врз мене и мојата перспектива на животот. На почетокот фатенен и шокиран, се најдов како стојам лице в лице со мојот син, кој беше во солзи, споделувајќи ја својата вистина  со мене. Во тој критичен момент донесов свесна одлука да останам смирен и присебнен. Признавањето дека мојот син е жив, и  покрај неговата тага, подготвен да го сподели својот живот со мене, донесе длабоко чувство на олеснување. Во тие неколку  секунди, моите размислувања, вредности и приоритети претрпеа значајна трансформација, што ве наведе да ја прифатам и  љубовта кон мојот син онаков каков што навистина е. Оваа промена на перспективата ми донесе огромна среќа и исполнетост.  Со изборот да го поддржам и да застанам покрај мојот син, поттикнав средина на доверба, разбирање и безусловна љубов.

Мојата подготвеност  да  се  приспособам и да ги оспорам однапред смислените идеи за хомосексуалноста го отвори патот за  посилна врска меѓу мене и мојот син. Охрабрувачки е да се слушне дека се навраќам на тој клучен момент со благодарност и задоволство. Мојот одговор ја прикажува важноста на отворен ум, сочувство и подготвеност да растете како родител.

Излегувањето на мојот син не само што му овозможи да живее автентично, туку и ми даде можност за личен раст, разбирање и  ценење за различноста на човечките искуства. Додека го продолжуваме нашето патување заедно, нашата

врска се продлабочува и нашата приказна ги инспирира другите да ги прифатат нивните ЛГБТ деца, љубовта и поддршката за своите најблиски кои можеби се движат по сопственото патување на самооткривање и идентитет. Јас ја истакнувам важната точка да останете смирени и внимателно да слушате кога вашето дете ќе ви излезе од “плакарот”. Од клучно значење е да се создаде безбедна и поддржувачка средина за нив во овој ранлив момент. Иако вашето дете можеби им се доверувало на другите пред да дојде кај вас, важно е да запомните дека ова е нивно патување и секоја личност на која ќе му се довери игра различна улога во нивниот процес на самоприфаќање. Наместо да се фокусирате на тоа на кого друг можеби му кажале, обидете се да го насочите вашето внимание на тоа да бидете присутни за вашето дете и да ги разберете неговите емоции.

Изразувањето емпатија и поврзувањето на емоционално ниво може да помогне да се создаде простор за негување за нив да ги споделат своите чувства и искуства. Со тоа што ќе покажете дека ја цените нивната доверба и сте отворени за разбирање на нивната перспектива, можете да помогнете во ублажување на сите грижи што може да ги имаат за разочарување или вознемирување. Исто така, важно е да се запамети дека нивното излегување не е одраз на какви било согледани неуспеси од ваша страна како родител. Сексуалната ориентација или родовиот идентитет на вашето дете е основен аспект на тоа кои се тие, и тоа не е нешто на кое може да се влијае или контролира. Прегрнувајќи ги и прифаќајќи ги такви какви што се, им давате поддршка и љубов што им е потребна за да го поминат своето патување со доверба и самоувереност. На крајот на краиштата, најкритичниот фактор е да се осигурате дека вашето дете се чувствува слушнато, сакано и поддржано во текот на процесот на излегување. Пристапувајќи кон ситуацијата со отворено срце и подготвеност за учење, можете да поттикнете длабока врска со вашето дете и да му помогнете да напредува додека го прифаќа своето автентично јас. Во право сте ако би биле

љубоморни ако вашето дете му се доверило на некој друг. Но, тоа може да обезбеди увид во нивното ниво на удобност и да помогне да се измери нивната подготвеност да ја споделат својата вистина со другите. Излегувањето од "плакарот" е длабоко лично патување,а поединците можат да изберат да се движат по него со свое темпо. Моето лично искуство што сум имал тешки разговори во минатото ја нагласува важноста да се создаде безбедна и поддржувачка средина за вашето дете. Нудејќи разбирање, емпатија и подготвеност за слушање, родителите играат клучна улога во помагањето на нивното дете да се чувствува прифатено и сакано во текот на овој процес. Вашето признание за вредноста и незаменливоста на родителското разбирање и поддршка е клучно. Иако патувањето можеби не е секогаш лесно или без предизвици, соочувањето со него како семејство и со поддршка од пошироката заедница може да биде моќно. Прифаќањето и љубовта што ја демонстрираат членовите на семејството, вклучително и мојата сопруга, како и постариот син, тетките, чичковците и заедницата, придонесуваат за поттикнување на инклузивна и негувачка средина каде моето дете навистина ќе биде на свое. Излегувањето им овозможува на поединците да бидат верни на себе, да го прифатат својот идентитет и да негуваат вистински човечки врски. Тоа е чекор кон автентично живеење и ги повикувам и другите да одговорат на природен и разбирлив начин. Со прифаќање на ова патување заедно како семејство и поддржување на вашето дете во текот на целото време, вие придонесувате да создадете простор со љубов и прифаќање каде што може да напредува и да се слави онакви какви што се. Запомнете дека вашата континуирана поддршка, разбирање и отворена комуникација ќе бидат од витално значење додека вашето дете се движи по својот животен пат. Заедно, можете да ги надминете предизвиците, да славите пресвртници и да изградите силна и љубовна семејна врска.



# Мојата Ели

Јас потекнувам од многу строго семејство, моите ме омажија многу млада, мојот маж го видов една недела пред свадбата. Тогаш  имав 17 години а он имаше 20 години. Го имав видено како помал, кога ќе дојдеше кај баба му и дедо му во село, он со неговите  живееја во град. Имав многу тежок брак, за неколку години се разведовме а ќерката ја зедов јас, јас станав нејзиниот татко и мајка, баба и дедо. Моите родители после разводот се скараа со мене и никогаш повеќе не ми прозбореа. Во светот бевме само јас  и Ели. Имав солидна работа а државата ми даде социјален стан како самохрана мајка, Ели одеше во градинка, па основно па заврши и средно, беше одлична ученичка, меѓу првите во школо. Многу сакаше автомобили, мотори, сакаше планинарење, да,  да и ден денеска знае цел викенд да поминува на планина со другари и другарки. Кога наполни мојата ќерка 19 години реши да  се запише на факултет и мораше да оди во друг град, бидејќи немаше друго решение, инаку ќе мораше да патува секој ден со автобус четири часа. Тоа беше многу лоша разделба, како дел од мене да го снемуваше, како земјата да пукаше но така мораше.

Времето поминуваше Ели беше одлична студентка, многу учеше. Одеднаш почна да не ми се јавува, да ме избегнува, си најде  работа во големиот град и јас почнав за нејзе да сум далечна. Се слушавме порано по десетина пати на ден, а сега многу ретко,  или ќе ми пишуваше но не сакаше да се слушаме ниту да ми праќа слики ниту на камера да се гледаме. Дома немаше дојдено  неколку месеци викаше

дека работи многу и учи многу. Пројдоа неколку месеци без да ја видам и јас работев многу, но ми

фалеше, многу сакав да ја видам, да ја гушнам да зборуваме. Еден ден решив, ако неможе она да дојде ќе одам јас да ја посетам, ќе ја изненадам, знам каде живее. Се качив во автобус, беше четврток попладне, на работа им реков дека петок нема да одам на работа, сакав цел викенд да бидам со мојата Ели. Спакував многу јадења што и беа омилени, дури и ракија зедов домашна од комшијата, да се напиеме по една како мајка со ќерка, или како што она ќе ме наречеше мене MOTHERFATHER.

Стигнав во големиот град, и се јавив не ми крена и пишав, рече дома е одмара, јас знаев каде живее се упатив директно таму, ги знаев и нејзините две цимерки и често порано идеа кај нас на гости за викенд сите заедно. Ѕвонам на врата неколку пати и конечно некој прашува кој е, слушам машки глас, се чудам но сум смирена. Кажувам која сум и слушам внатре галама а вратата не се отвара уште, чекам неколку минути и ѕвонам пак. Конечно вратата ја отвара Ема, цимерката не Ели, која ми вика дека Ели не е дома на која и враќам дека си пишавме и ми рече дека е дома. Зборуваме на врата некое време и веќе се вознемирувам и викам дали може да влезам или не, конечно влегувам и одам директно во тоалет од долгиот пат. Прашувам каде е Ели и двете девојки ме гледаат чудно како да стои пред нив инспектор а не мајка на нивната цимерка. Ги снемува заминуваат во соба а јас останувам сама и чекам, го земам телефонот и пишувам на Ели дека јас сум кај нејзе а она не е дома. Како што седам во дневна пред мене се појавува младо момче со кратка коса и многу кратка брада, вика Мамо. Тогаш сум изгубила свест. Кога се освестив ја гледам Ели, но не ми е јасно зашто има брада и кратка коса, зашто нема долга коса не сфаќам што се случува. Ели веќе не била Ели туку бил Тео, веќе не била женско туку машко, вика мамо јас сум транс, јас сум почнал транзиција, јас секогаш сум бил ваков, те молам разбериме. Губам свест уште еднаш и следно што памтам е се будам со доктори околу мене, ми се покачил притисокот и

викнале брза помош дома. Заминуваат лекарите и полека се освестувам и се трудам да сватам што се случува, дали ова е јаве или сон.

Девојките и Ели сега веќе Тео ми сварија кафе, вода со лимон и седнуваме и зборуваме. Јас само слушам долго, многу долго, се трудам да разберам. Но не било тешко сфатив дека све разбирам, дека тоа е мое дете, тоа е моето чедо, дека сум го растела со многу љубов и со многу маки, дека ако го изгубам губам се, дека морам и треба да го прифатам како што е сега. Времето

поминуваше а ја се повеќе и повеќе се зближував со Тео, Сега веќе и јас се преместив во големиот град, живеам со Тео, со мојата ќерка која стана мојот син.

Тео на мајка, мајка секогаш ќе те сака каков и да си.



ЕУ со ТЕБЕ



LGBTI UNITED